# СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА Н

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Текушта сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220, за огласи 1032-Т-221.

Среда,

БЕЛГРАД

БРОЈ 45 ГОД. X

Редакција: Улица Кралевиќа Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продавно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.


551.

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВАЖЕЊЕТО НА УСТАВОТ, ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ СОЈУЗНИ ПРАВНИ ПРОПИСИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОЈАШТО СО МЕЃУНАРОДНАТА СПОГОДБА Е ПРОШИРЕНА ЦИВИЛНАТА УПРАВА НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Законот за важењето на Уставот, законите и другите сојузни правни прописи на територијата на којашто со Меѓународната спогодба е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија, што го усвои Сојузната народна скупштина на заседанието на Сојузниот собор од 25 октомври 1954 година и на заседанието на Соборот на производителите од 25 октомври 1954 година.

ПР. бр. 29
25 октомври 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
**Моша Пијаде, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ВАЖЕЊЕТО НА УСТАВОТ, ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ СОЈУЗНИ ПРАВНИ ПРОПИСИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОЈАШТО СО МЕЃУНАРОДНАТА СПОГОДБА Е ПРОШИРЕНА ЦИВИЛНАТА УПРАВА НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

На територијата на којашто, врз основа на Меѓународната спогодба, со решението на Сојузниот извршен совет од 7 октомври 1954 година е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија, важат, од денот на влегувањето во сила на овој закон, Уставот, законите и другите сојузни правни прописи.

Член 2

Власта на територијата означена во членот 1 на овој закон ја вршат народните одбори на општините и на околиите како и републичките и сојузните органи на власта во рамките на своите права и должности утврдени со Уставот и со законите.

На подрачјето на околијата Копар, како и на подрачјето на бившата Зона А на Слободната Територија Трст на коешто со решението на Сојузниот извршен совет е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија, правата и должностите на републичките органи ги вршат органите на власта на Народна Република Словенија, а на подрачјето на околијата Бује органите на власта на Народна Република Хрватска.

Член 3

Сите лица што на денот на влегувањето во сила на овој закон се постојано настанети на територијата означена во членот 1 на овој закон, а кои пред да влезе во сила Договорот за мир со Италија биле италијански државјани, се изедначуваат во своите права и должности со југословенските државјани.

Член 4

Со влегувањето во сила на овој закон влегува во сила и Специјалниот статут кој е составен дел од Меморандумот за согласноста меѓу владите на Федеративна Народна Република Југославија, Република Италија, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство за Слободната Територија Трст од 5 октомври 1954 година.

Уживањето на правата од Статутот цитиран во претходниот член не ги исклучува припадниците на кое и да е национално малцинство на територијата означена во членот 1 на овој закон од уживањето на другите права што со Уставот и законите им се признаени на националните малцинства.

Член 5

Сојузниот извршен совет ќе донесе прописи за спроведувањето на сојузните закони и на другите прописи на територијата означена во членот 1 на овој закон. Со тие прописи може да се одреди постепен премин на полното применување на сојузните закони и други прописи, како и почетокот на текот на роковите определени со сојузните прописи, доколку тие прописи не биле веќе во сила на таа територија.

Додека не се донесат прописите од претходниот став, на територијата означена во членот 1 на овој закон остануваат во сила правните прописи на поранешната Воена управа на Југословенската народна армија и на локалните органи на власта, кои ќе се применуваат и на подрачјето на бившата Зона А на Слободната Територија Трст на коешто е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат сите други правни прописи што важеле на територијата означена во членот 1 на овој закон, освен прописите цитирани во претходниот став.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат со работа сите органи и установи на територијата означена во членот 1 на овој закон што ги вршеле работите за кои според сојузните прописи се надлежни републичките односно сојузните органи (Вишиот народен суд, Вишето јавно обвинителство, Вишата јавна арбитража, Управата на поштите, телеграфите и телефоните, Советот за прекршоци, инвалидската комисија и вишата инвалидска комисија при народните одбори на околиите, околиските комисии за решавање жалби во управната постапка, комисиите што ги именувал Командантот на Воената управа на ЈНА).

Сите нерешени предмети што се најдени во работа на органите и установите од претходниот став ќе се испратат на натамошно решавање до органите надлежни според сојузните прописи.

Околискиот суд во Бује се издвојува од подрачјето на Окружниот суд во Копар со денот кога со прописите на Народна Република Хрватска ќе биде определено кој окружен суд ќе биде територијално надлежен за подрачјето на тој околиски суд.

Член 7

Додека не се донесат соодветните републички закони, правата и должностите на народните одобри на општините и на околиите на територијата означена во членот 1 на овој закон ќе ги вршат сегашните народни одбори на општините и на околиите.

Додека не се изберат народните одбори на општините, на подрачјето на бившата Зона А на Слободната Територија Трст на коешто е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија работите од надлежноста на народните одбори на општините ќе ги вршат времените органи што ќе ги определи Народната скупштина на Народна Република Словенија.

Член 8

Овој закон влегува во сила на 26 октомври 1954 година.

552.

# РЕЗОЛУЦИЈА
## НА СОЈУЗНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА ПО ПОВОД ЕКСПОЗЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА

Откога го сослуша и претресе експозето на Претседателот на Републиката по надворешно-политичките прашања Сојузната народна скупштина на заедничкото заседание на домовите одржано на 25 октомври 1954 година:

ги одобрува во целост принципите на надворешната политика, изложени во експозето на Претседателот, чиешто постојано и упорно применување донесе плодови за зацврстувањето безбедноста и јакнењето на меѓународната положба на земјава како еден од значителните фактори на зацврстувањето на мирот и развивањето на меѓународната соработка,

го изразува своето задоволство со решението на Тршћанското прашање, коешто отклонува едно жариште на можни судрувања и отвора пат за развивање економска, политичка и културна соработка меѓу Југославија и Италија, ја одобрува спогодбата која е постигната по ова прашање меѓу владите на Југославија, Италија, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство и сите анекси и писма придадени кон Меморандумот за Спогодбата, како и решението што Сојузниот извршен совет го донесе на 7 октомври во врска со таа Спогодба,

ја поздравува спогодбата постигната на конференцијата на министрите за надворешни работи на Грција, Турција и Југославија на Блед, која доведе до создавање Сојуз меѓу трите земји и која, покрај запазувањето на нивната независност, обезбедува жива политичка, економска и културна соработка меѓу нив, што несомнено е значителен придонес за запазување на мирот и безбедноста во овој дел на светот,

ја изразува својата согласност со општите начела што министрите за надворешни работи на Грција, Турција и Југославија им ги препорачија на владите на трите земји за остварување Советодавно собрание на земјите потписници на Балканскиот сојуз и очекува дека трите влади ќе пристапат што порано кон остварувањето на овие препораки и на собранијата на трите земји ќе им го поднесат статутот на Советодавното собрание.

СНС(А) 140
25 октомври 1954 година
Белград

Сојузна народна скупштина

Претседател,
**Моша Пијаде, с. р.**

553.

# РЕЗОЛУЦИЈА
## ОД ОДБОРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА НАРОДНА СКУПШТИНА ЗА СПОГОДБАТА СОДРЖАНА ВО МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОГЛАСНОСТА МЕЃУ ВЛАДИТЕ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА, СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ЗА СЛОБОДНАТА ТЕРИТОРИЈА ТРСТ

По сослушувањето на извештајот од застапникот на Државниот секретар за надворешни работи за постигнатата спогодба содржана во Меморандумот за согласноста меѓу владите на Федеративна Народна Република Југославија, Република Италија, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство за Слободната Територија Трст,

Одборот за надворешни работи на Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина на заседанието одржано на 8 октомври 1954 година по претресувањето на Спогодбата како и на извештајот,

врз основа на чл. 94 ст. 2 од Правилникот за работа на Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина донесува следна

резолуција

1) Се сложува со оценката и мерките што се содржани во решението на Сојузниот извршен совет од 7 октомври 1954 година и на Сојузната народна скупштина и' предлага да го одобри тоа решение.

2) Се надева дека оваа спогодба ќе овозможи полна нормализација и развој на добрососедските односи меѓу Федеративна Народна Република Југославија и Република Италија и дека со тоа ќе се отклонат несогласијата меѓу двете соседни земји, меѓусебно упатени на соработка.

3) Очекувајќи дека и Сојузната народна скупштина ќе ја одобри спогодбата содржана во Меморандумот за согласноста меѓу владите на Федеративна Народна Република Југославија, Република Италија, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство за Слободната Територија Трст смета дека е потребно да се приготви за Сојузната народна скупштина предлог на законски прописи за проширување на Уставот, законите и на другите правни прописи на Федеративна Народна Република Југославија на територијата на бившата Зона Б и делот од Зоната А на Слободната Територија Трст на којашто според Меморандумот за согласноста се проширува цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија.

8 октомври 1954 година
Белград

**Одбор за надворешни работи на Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина**

Секретар,
**Лазар Мојсов, с. р.**

Претседател,
**Владимир Поповиќ, с. р.**

554.

Врз основа на чл. 3 и 69 од Законот за службата во Југословенската армија а во врска со Решението на Сојузниот извршен совет Р. п. бр. 411 од 7 октомври 1954 година издавам

# НАРЕДБА
## ЗА УКИНУВАЊЕ ВОЕНАТА УПРАВА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЗОНА НА СТТ

1. Воената управа на ЈНА на Југословенската зона на СТТ се укинува и престанува со работа на 26 октомври 1954 година во 0,00 часот.

2. Работите од својата надлежност Воената управа на ЈНА на Југословенската зона на СТТ ќе ги пренесе на органите определени со Решението на Сојузниот извршен совет Р. п. бр. 411 од 7 октомври

1954 година. На тие органи Воената управа на ЈНА на Југословенската зона на СТТ ќе им ја предаде најдоцна до 31 декември 1954 година и сета архива и имотните средства што ќе преостанат по престанокот на нејзината работа. Во истиот срок воената архива ќе му ја предаде на Државниот секретаријат за работи на народната одбрана.

3. За извршување работите од претходната точка Командантот на Воената управа на ЈНА ќе определи потребен број комисии.

4. Граѓанските лица што биле на служба во установите на Воената управа на ЈНА на Југословенската зона на СТТ му се ставаат на располагање на Сојузниот извршен совет, а воените лица на Државниот секретаријат за работи на народната одбрана.

Р. в. п. бр. 46
19 октомври 1954 година
Белград

Врховен командант
на оружените сили на ФНРЈ,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**555.**

Врз основа на одредбата од главата XXX на Сојузниот општествен план за 1954 година, во врска со точ. I под 3) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ИЗВОЗ НА ПРОСО И ЕЛДА

1. По исклучок од одредбата на точ. 1 под а) од Времената одлука за забрана на извозот и за контингентирањето на некои производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) се позволува извозот на просо и елда.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**
О. с. бр. 190
23 октомври 1954 година
Белград

Го заменува Претседателот,
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ,** с. р.

**556.**

Врз основа на одделот 4 од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ УВОЗОТ НА ЗАШТИТНИТЕ СРЕДСТВА ЗА РУДНИЦИТЕ

1. Пресметувањето на разликата во цените при увозот на долу цитираните производи за рудниците, и тоа на:

А. Електричните постројки и уреди во S изработка за јамите на рудниците со појави на експлозивни гасови и опасен јаглен прав:

а) електромотори,
трансформатори,
расклопни уреди, склопки, приклучни и собирни кутии, напуштачи, прекинувачи,
разводни уреди,
цевни вентилатори — електрични,
јамски телефони,
сигнални уреди,
арматури за стабилно јамско осветление,
јамски акумулаторски локомотиви и нивни резервни делови,
станици за полнење акумулаторски локомотиви,
електрични дупчалки,
апарати за покажување земјоспои на електричната мрежа,
машини за палење мини;

б) другите потреби во јамите со појави на експлозивни гасови и опасен јаглен прав:
сигурносни електрични светилки, и нивни резервни делови и уреди за полнење електрични ламби,
сигурносни бензиски светилки и нивни резервни делови,
Пиелерови ламби,
барометар за регистрирање.

Б. Апарати и уреди за службата за спасување (важи за сите рудници):
изолациони апарати за дишење со кислород (апарати за спасување) и нивни резервни делови,
челични шишиња — за апарати за спасување,
алкалиеви патрони,
апарати за испитување исправноста на изолационите апарати за дишење,
направи за испитување штетни гасови и пари (индикатори),
направи за преточување течен кислород,
пулмотори и инхалациони апарати,
електрични сигурносни светилки, и уреди за полнење електрични ламби,

ќе се врши по коефициентот 1,00.

2. При пресметувањето на разликата во цените од точ. 1) на ова решение нема да се плаќа износот пресметан според одредбата на точ. 5) од Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/54).

3. Пресметувањето на разликата во цените според одредбите од ова решение ќе се врши само со потврда од Сојузната индустриска комора дека назначените производи не се произведуваат во земјава и дека исклучиво се предопределени за употреба во рудниците.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**
О. с. бр. 187
23 октомври 1954 година
Белград

Го заменува Претседателот
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ,** с. р.

**557.**

Врз основа на одредбите на ст. 2 одделот 2 од главата XXX на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 6 од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ИСТОВАРУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ВАГОНИ ВО НЕДЕЛИТЕ И ПРАЗНИЧНИТЕ ДНИ И ЗА НАГОЛЕМУВАЊЕ НА КОЛСКАТА ДЕНГУБА

1) Поради настанатиот недостиг во железничките вагони, задолжителното истоварување на же-

лезничките вагони ќе се врши и во недела како и во дните на државните и народните празници од 8—14 часот, и тоа во железничките станици што ќе ги определат железничките транспортни претпријатија.

2) Колската денгуба определена во Одделот Ц — 11 од Тарифата за превозење стоки на Југословенските железници, тетратката 1, се наголемува за 100%.

3) Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а важи до 31 декември 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

О. с. бр. 191
23 октомври 1954 година
Белград

Го заменува Претседателот
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

558.

Врз основа на одделот 4 од главата XXVIII на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 32 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 1) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ УВОЗОТ НА ЧЕЛИЧНИ ПОТПИРАЧИ ЗА ЈАМИТЕ НА РУДНИЦИТЕ

1. Пресметувањето на разликата во цените при увозот на челични потпирачи за јамите на рудниците ќе се врши по коефициентот 1,00.

Со одредбата од горниот став се менува коефициентот што во Списокот за видовите стоки и коефициентите за пресметување разликата во цените при увозот беше утврден за овој производ во гранката 117 под редниот број 17.

2. При пресметувањето на разликата во цените од претходната точка нема да се плаќа износот пресметан според одредбата на точ. 5 од Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/54).

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

О. с. бр. 184
23 октомври 1954 година
Белград

Го заменува Претседателот,
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

559.

Врз основа на одредбите од главата XXIX на Сојузниот општествен план за 1954 година, а во врска со чл. 22 од Уредбата за организацијата и работењето на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/54) и точ. I под 4) од Одлуката за овластување Одборот за стопанство да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/54), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ УВОЗОТ НА БРИЗАНТНИОТ ЕКСПЛОЗИВ

1. Пресметувањето на разликата во цените при увозот на бризантниот експлозив (гранка 120 — хемиска индустрија) ќе се врши по коефициентот 1,00.

2. При пресметувањето на разликата во цените на производите од претходната точка нема да се плаќа износот пресметан според одредбата од точ. 5 на Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот („Службен лист на ФНРЈ", број 12/54).

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

О. с. бр. 189
23 октомври 1954 година
Белград

Го заменува Претседателот
на Одборот за стопанство,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

560.

Врз основа на точ. 4 од Одлуката за регистрација на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/54), а во согласност со Сојузниот извршен совет, пропишувам

## УПАТСТВО

### ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Во регистарот на претпријатијата и дуќаните, освен претпријатијата и дуќаните и нивните погонски и работни единици, се запишуваат и заедниците на претпријатијата, занаетчиските задруги, земјоделските задруги организирани како претпријатија, како и претпријатијата и дуќаните што ги оснивaат земјоделските задруги.

Претпријатијата што се оснивaат како надворешно-трговски претпријатија мораат пред запишувањето во надворешно-трговскиот регистар да се запишат во регистарот на претпријатијата и дуќаните.

Регистрацијата на приватните дуќани (занаетчиски, угостителски и др.) се врши по одделните прописи.

2. Во регистарот на задругите се запишуваат земјоделските задруги и нивните самостојни погони. Во регистарот на задругите се запишуваат и неземјоделските задруги, освен занаетчиските задруги.

#### II. ПОСТАПКА НА РЕГИСТРАЦИЈАТА

**1) Пријава за регистрација на претпријатие, дуќан, заедница на претпријатија и задруга**

3. За запишување на оснивањето на претпријатие, дуќан и заедница на претпријатија (во натамошниот текст: претпријатие) во регистарот на претпријатијата и дуќаните, мора да се поднесе до надлежниот окружен стопански суд пријава за запишување на актот за оснивање.

4. Пријава за запишување на актот за оснивање во регистарот на претпријатијата и дуќаните содржи:

а) фирма и седиште на претпријатието;

б) податоци за дејностите што ќе ги врши претпријатието (предмет на работењето);

в) име на директорот (работоводителот, управникот);

г) назив на органот односно организацијата што го оснива претпријатието, како и број и датум на актот за оснивање;

д) имиња и занимања на лицата овластени да ја потпишуваат фирмата на претпријатието како и граници на нивните овластувања.

Ако претпријатието има и скратена ознака на фирмата, во пријавата покрај фирмата мора да се цитира и скратената ознака на фирмата.

Со пријавата мораат да се поднесат: актот за оснивање на претпријатието и заверените потписи од лицата овластени да ја потпишуваат фирмата на претпријатието.

**Образец бр. 1**

РЕГИСТАРСКИ ЛИСТ БР. ——, СВЕСКА ——

Фирма — ознака на претпријатието — дуќанот — задругата на претпријатија — погонската единица — работната единица:

Скратен назив на фирмата:

Седиште:

Фирма — назив и седиште на претпријатието — задругата — што ја оснива единицата

| Реден број на запишувањето | Датум и број (Фи) на пријавата | Датум и број на решението врз основа на кое е извршено запишувањето | Назив на оснивачот и број и датум на решението за оснивањето | Датум на конституирањето | Предмет на работењето | Име на директорот — работоводителот — управникот | Имиња и занимања на лицата овластени за потпишување и граници на овластувањата | Измена во називот на фирмата | Погонска — работна — единица | | | | | | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Име и седиште | Предмет на работењето | Име на работоводителот — шефот | Имиња и занимања на лицата овластени за потпишување и граници на овластувањата | Самостојни права на единицата во работењето | Соединување; присоединување; поделба; престанок; присилна управа, санација; бришење | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

**Образец бр. 2**

РЕГИСТАРСКИ ЛИСТ БР. ——, СВЕСКА ——

Назив на задругата — погонската единица:

Седиште:

Назив и седиште на задругата што ја оснива погонската единица:

| Реден број на запишувањето | Датум и број (Фи) на пријавата | Датум и број на решението врз основа на кое е извршено запишувањето | Предмет на работењето | Имиња на членовите на управниот одбор | Имиња и занимања на лицата овластени за потпишување и граници на овластувањата | Погонска единица | | | | | Соединување; присоединување; поделба; престанок; присилна управа; санација; бришење | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Име и седиште | Предмет на работењето | Име на управникот | Имиња и занимања на лицата овластени за потпишување | Самостојни права на единицата во работењето | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

